***Почитувани претставници на медиумите,***

На самиот почеток дозволете да ви упатиме благодарност за Вашето внимение и присуство на нашата денешна прес – конференција, со која сакаме првенствено да ја информираме јавноста околу нашата реакција до Владата за подобрување на условите за лицата со дијабетес.

Имено, Сојузот на дијабетичари изминатите шест месеци е во постојан обид за воспоставување на редовна партнерска комуникација со новиот Министер за здравство. За жал и ние како  и сериозно мнозинство на останати пациентски - граѓански организации, се уште сме далеку од можноста да имаме воспоставена редовна комуникација со министерот за здравство, како релеванетен фактор согласно законите, за сите прашања коишто пред нас стојат како реални проблеми и тешкотии.

Имено, СЗДСМ официјално досега во пет наврати поднесе барања за средба со министерот за здравство, во кои што точно тематски беа наведени точките за разговор, но единствен одговор добивме пред неполн месец кога се сретнавме со неговиот нов советник за соработка со граѓански организации, при што целиот настан се сведе на пријатна кафе средба, и ништо повеќе од тоа. Кафето секако сакаме да го пиеме заеднички, но само како пропратна работа на суштинска дебата, партнерска комуникација, взаемна доверба и почит.

СЗДСМ заедно со своите членки, локални дијабетски организации, пред точно три месеци поднесе и официјално писмено барање за промена на моделот за набавка на глукомери и ленти за секое лице со дијабетес со инсулинска терапија. За барањето од Канцеларијата на Претседателот на Владата добивме писмено известување дека постапката ја започнале и го чекаат Министерот за здравство.

Денес, упатуваме барање до Претседателот на Владата г-дин Ковачевски, како по закон најнадлежен за состојбите во извршанта власт, да ја заокружат постапката за промена на моделот за набавка на глукомери и ленти. Имено бараме лентите и апаратите да се тргнат од тендерската постапка за набавка на инсулин и истите да бидат со дефинирана референта цена и достапни во сите аптеки.

Ако и овој наш предлог не сте во можност да го прифатите и спроведете тогаш барем одвојте ги двете тендерски постапки, односно посебен тендер за инсулинска и друга антидијабетична терапија и посебен тендер за апарати, ленти, пумпи, сензори и други медицински помагала. Ве потсетуваме дека се работи за 45.000 граѓани кои имаат право како на квалитетна терапија така и на квалитетни медицински помагала.

Кога станува збор за терапијата, сакаме да искажеме благодарност за тоа што последните неколку години сме во можност да ја користеме најсовремената терапија, набавена преку официјалните ланци на снабдување. Не сакаме ни да се сетиме каков беше нашиот живот кога добивавме терапија набавена преку паралелен увоз.

Затоа, се надеваме и апелираме до Владата на Република Македонија, дека и во иднина ќе се продолжи со набавка на најсовремената инсулинска и друга терапија, без никакви можности за набавки со паралелен увоз без обезбедени сертификати за квалитет во оригинал од производител, без запазен ладен ланец на транспорт и тн.

Ние сакаме и имаме право да продолжиме да живееме со безбедна инсулинска терапија и со квалитетни апарати.

Почитувани новинари и јавност,

За клучните теми набавка на системи за континуирано мерење гликемии кај децата и младите до 18 години и потребата од едукација, ќе се обрати г-ѓа Наташа Деспотовска Димитриевска, која ќе ги пренесе сите наши ставови.

***Претседател на Сојуз на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија,***
Димче Велев